Врз основа на член 20, 21 и 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 143/11, 78/13, 33/15, и 207/16), Друштвото за производство на електрична енергија „АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП„ ДОО со седиште на ул. "1632" бр.46, Општина Гази Баба во Скопје, го објавува следното:

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

Се известува јавноста дека Друштво за производство на електрична енергија „АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП„ ДОО со седиште на ул. "1632" бр.46, Општина Гази Баба во Скопје, на ден 20.06.2017 година, поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност со УП1 бр.12-85/17 за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа „Конска со реф 184„ до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

**Назив на барателот**

Друштвото за производство на електрична енергија „АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП„ ДОО со седиште на ул. "1632" бр.46, Општина Гази Баба во Скопје.

**Вид на енергетска дејност**

Производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од мала хидроелектрична централа.

**Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Друштвото за производство на електрична енергија Друштвото за производство на електрична енергија „АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП„ ДОО со седиште на ул. "1632" бр.46, Општина Гази Баба во Скопје, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија од мала хидроелектрична централа, ќе ја врши во сопствен објект лоциран на катастарски парцели согласно Одобрение за градење Уп.1 бр.11-189 од 13.05.2016 год. и Решение за одобрување на измени во текот на градбата Уп.1 бр.11-189 од 24.03.2017 год., издадени од Општина Гевгелија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста**

Друштвото за производство на електрична енергија „АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП„ ДОО со седиште на ул. "1632" бр.46, Општина Гази Баба во Скопје, ќе произведува електрична енергија преку 1 (една) производни единици - турбина, 1 (еден) генератор трифазен синхрон и трансформатор сув. Малата хидроелектрична централа ќе произведува електрична енергија со вкупно инсталирана моќност од 960 kW.

**Времетраење на лиценцата**

Друштвото за производство на електрична енергија „АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП„ ДОО со седиште на ул. "1632" бр.46, Општина Гази Баба во Скопје од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бара времетраењето на лиценцата да изнесува 35 (триесет и пет) години.

**Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со Барањето за издавање на лиценца за производство на електрична енергија:**

Заинтересираните правни и физички лица можат да достават предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценца до Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија во рок од 5 (пет) дена од денот на последното објавување на ова известување во дневниот печат на следната адреса: РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Ул. Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков, 6-ти спрат, 1000 Скопје, Република Македонија.

„АКТУЕЛ ЕНЕРЏИ ГРУП„ ДОО Скопје